**За објавување на Одлуката за определување на надоместоците за ангажирани надворешни стручни лица**

1. Се објавува Одлуката за определување на надоместоците за ангажирани надворешни стручни лица, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/15**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 17 став 4 и член 24 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10 и 18/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За определување на надоместоците**
**за ангажирани надворешни стручни лица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува висината на надоместоците на стручни лица со овластување за носител на изработка на урбанистичка документација, односно планер - потписник на планската документација, кои се ангажираат како членови на стручни комисии, за вршење на стручни работи од надлежност на општината.

**Член 2**

Надоместокот за учество на стручните лица од членот 1 на оваа Одлука, во работата на комисиите, за разгледување и одобрување на локална урбанистичка планска документација, како и за изготвување на извештаите и давање на стручно мислење на Нацрт - планови, ќе се исплатува врз основа на решение за формирање на соодветна Комисија на Градоначалникот на Општина Гази Баба, и изнесува 6.000,00 денари по план.

Средствата за исплаќање на надоместокот, ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/17**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/16**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина ГАЗИ БАБА (Службен гласник на Општина ГАЗИ БАБА бр 04/06), Советот на Општина ГАЗИ БАБА на триесеттата седницата одржана на 30.03..2011 година , донесе

# О Д Л У К А
## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2011 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина ГАЗИ БАБА за 2011 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 427110 | Привремени вработувања | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЕА0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 486110 | Купување на моторни возила | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина ГАЗИ БАБА и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

**Претседател на Советот на Општина**
**ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски с.р.**

**Бр. 07-1433/18**
**од 30.03.2011**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година**

1. Се објавува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/17**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) ,а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 4/08), Советот на Општина Гази Баба на триесеттата седницата одржана на 30.03. 2011 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средства во Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година и тоа на следниот начин :

| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 411.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **411.000** | **0** | **0** |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки :**

| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 342.000 | 0 | 0 |
| 423610 Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 9.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **411.000** | **0** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина ГАЗИ БАБА и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

**Бр. 07-1433/19 од**
**30.03.2011 СКОПЈЕ**

**Претседател на Советот на Општината**
**ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот финансиски Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот финансиски Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/18**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишниот финансиски Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот финансиски Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот финансиски Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", донесена од Управниот одбор под бр.02-31/3 од 14.02.2011 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/20**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/19**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За давање согласност на Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година, донесена од Управниот одбор под бр.02-31/5 од 14.02.2011 година.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007".

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/21**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/20**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" за 2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", донесена од Управниот одбор под бр.02-38/3 од 14.03.2011 година.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007".

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/22**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/21**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, расправајќи по Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## За давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година

### Член 1
Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за 2010 година, донесена од Управниот одбор под бр.02-38/4 од 14.03.2011 година.

### Член 2
Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007".

### Член 3
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник  на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/23**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/22**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 1 Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 4/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба**

1. Вовед

Со оваа Програма се уредува одржување на јавните зелени површини како и комуналната чистота на Општина Гази Баба, преку ангажирање на невработени лица кои се опфатени со оваа програма.

Во Програмата ќе бидат опфатени целите, целните групи на кои се однесува самата програма, целното подрачје и локација, планот споредување и динамика на извршување на активностите, организационата структура, финасиски план, надзор и резултатите што се очекуваат од проектот.

Одржувањето на чистотата на јавните зелени површини и комуналната чистота на подрачјето на Општина Гази Баба е една од основните и приоритетни задачи во работењето на општината.

Преку оваа Програма која ќе трае во тек на 2011 година. Се очекува да се постигне повисоко ниво на јавна чистота и заштита на животната средина на целото подрачје на Општина Гази Баба, а со ангажирање на ниско квалификувани и повозрасни лица и можноста за вработување, а намалување на сиромаштијата.

1. Рамка на проектот

1.1. Основа

1.1.1. Општ контекст
Програмата е дизајнирана како одговор на приоритетните потреби на Општината за намалувања на социјалните и економските проблеми и тензии предизвикани пред се од светската економска криза. Програмата е фокусирана на креирање на можност за вработување на долгорочно евидентирани невработени лица, кои се ниско квалификувани и повозрасни лица (над 55 години). Програмата е предвидена заради стекнување на одредена практични знаења и вештини со целна претпоставка за целосно вработување како и за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

1.1.2. Вклучени организации
Носител на активностите на програмата ќе биде Општина Гази Баба, а нејзини партнери ќе бидат ЈКП "Гази Баба - 2007" кое е одговорно за руралниот дел на општината и градските јавни претпријатија "Паркови и зеленило" и "Комунална хигиена"кои го третираат урбаниот

дел на општината.

Овие три јавни претпријатија ќе учествуваат со логистичка подршка на сите активности поврзани со оваа програма.

1.2.1. Анализа на проблемот

Имајќи ја во предвид невработеноста и статистичките параметри за најчесто споменуваните проблеми во одделението за комуникација со граѓаните на Општина Гази Баба.Оваа Програма ја гледаме како можност за нивно привремено ангажирање во извршување на јавните работи во општината.

Во Општина Гази Баба јавните зелени површини и другите јавни површини често се предмет на деструкција од страна на несовесното население, но и од недоволно развиена свест за јавна чистота кај населението, а од друга страна јавните претпријатија кои се задолжени за одржување на јавна чистота како и за одржување и обновување на зелените површини немаат доволно капацитет во човечки ресурси како и во опрема, механизација и алат навремено и квалитетно да ги извршуваат задачите.Затоа се наметнува потреба за дополнително ангажирање на лица за одржување на комунална хигиена и јавните зелени површини.

1.2.2. Релевантни активности

Од изминатиот период би можеле да ги издвоиме проектите кои ги третираа тековните проблеми со невработеноста, ставајќи акцент на младото работноспособно население до 35 години, главно со високо и средно образование.Од успешното спроведување на тие проекти изградивме и човечки и технички капацитет во создавањето на предпоставки за поврзување на големата армија на невработени лица со постојната деловна заедница на Општина Гази Баба , а во функција на остварување на взаемните интереси на сите чинители во тој процес-централната власт, локалната самоуправа, деловната заедница и секако големиот број на невработени лица- создавање на одржлива локална економија со крајна цел на намалување на висока стапка на невработени лица во Општина Гази Баба.

Со оваа Програма ја прошируваме можноста за активирање на долгорочно невработените и социјално загрозени лица со понизок степен на образование и повозрасни лица.На овој начин даваме можности и на оваа најзагрозена категорија на долгорочно невработени и социјално загрозени лица со цел нивно реитегрирање на пазарот на работа сила.

Со ангажирање на 80 работника од евиденција на долгорочно невработени и социјално загрозени лица на Агенција за вработување и општинскиот центар за социјална работа, со средно и понизок степен на образование, во текот на цела 2011 година, ќе оствариме неколку цели:

- Прво, ќе обезбедиме можност за овие лица после подолг временски период да ги реинтегрираме на пазарот на работна сила
- Второ, преку стекнување на соодветно работно искуство и работна етика во текот на работниот процес да си остварат можност за нивно евентуално долгорочно ангажирање.
- Трето, на овој начин ќе обезбедиме континуирано одржување на зелените површини и комуналнита чистота кои се се почесто предмет на деструктивно однесување на одредени несовесни жители.
- Четврто, континуирано разубавување на јавните зелени површини и другите јавни површини, а пред се подигнување на свест на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето. Во таа смисла сметаме дека оваа програма ќе понуди и финансиска и институционална одржливост на долгорочна основа.

2. Опис на Програмата

2.1. Цели на Програмата

2.1.1. Општа цел
- Да се обезбеди времено решение за хронично невработени и социјално загрозени лица со цел намалување на социјалните тензии и раздвижување на пазарот на работна сила.
- Да се обезбедат со соодветно работно искуство долгорочно невработените и социјално загрозени лица со цел нивна реинтеграција на пазарот на рабона сила
- Континуирано одржување на јавното зеленило кое се почесто е предмет на деструкција од страна на несовесното население
- Континуирано разубавување на зелените површини,одржување на комунална чистота и подигнување на свеста на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето.

2.1.2 Цел на Програмата
Креирање на 80 работни места во текот на цела 2011 година.

2.2 Целна група
Долгорочно невработени лица од Општина Гази Баба евидентирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

2.3 Активност
Главни активности:
- расчистување на јавното зеленило од цврст одпад
- расчистување на училишните дворови и дворовите на градинките
- континуирано косење на тревниците на јавното зеленило (паркови,блоковско зеленило,зеленило долж улиците)
- полевање на јавното зеленило
- одржување на сообраќајните површини (тротоарите,велосипедски патеки)
- одржување на детските игралишта
- одржување на плоштадите
- уредување и чување на парковите
- ископување и чистење на каналите во општината

2.4 План на спроведување
2.4.1 Тековно одржување на археолошкото наоѓалиште Тумба Маџари
Археолошкото наоѓалиште Тумба Маџари од младото камено време (неолит) укажува на фактот дека на овие простори се живеело и творело од самиот почеток на човештвото.

Од наодите откриени во населбата се истакнуваат керамички модели на куќи оформени во вид на фигура на жена,кои во современото живеење на општината стануваат дел од идентитет и симболите на општината.

Поради непроценливото културно и историско богатство на овој локалитет потребно е негово тековно одржување. За таа цел ќе бидат ангажирани 2 работници.

2.4.2 Одржување на јавна чистота и зелените површини на Општина Гази Баба
Бидејќи јавната чистота на територијата на општината континуирано се нарушува од страна на несовесното население,се укажува потреба и од континуирани активности за нејзино одржување.

За таа цел ќе бидат ангажирани 80 работници кои ќе бидат распоредени на целата територија на Општината.

2.4.3. Времетраење на Програмата

Оваа Програма ќе трае во текот на целата 2011 година.

Алат и прибор

Со оглед на тоа што Општината како и ЈКП" Гази Баба - 2007", како нејзин партнер веќе располагаат со определен вид на прибор, алат и машини и истите ќе бидат искористени за реализација на оваа Програма.

Опрема за безбедност при работа

Обезбедување и на оптимални и сигурни услови за работа со цел да се зачува животот и здравјето, како и работната способност на работниците, интегритетот и личната сигурност ќе бидат од примарно значење.

Опремата за безбедност и здравје при работа треба да е во согласност со правилникот за безбедност при работа со кој се уредуваат мерките за заштитата при работа, обврските на работодавецот и правата и обврските на работниците во областа за заштита при работа.

Упатството за оспособување на работниците за безбедност при работа, нормативот на неопходни лични безбедностни средства ќе се изврши при обука на работниците за користење на потребните алати и машини.

2.4.4. Финансиска конструкција за реализација на Програмата

| Буџет на проектот | По предлог проект | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци | Единица (по месец) | Бр.на единица | Сума по један. (во МКД) | Вкупно трошоци (во МКД) |
| 1.Човечки ресурси | | | | |
| 1.1.Надоместоци (бруто износи,локални) | | | | |
| 1.1.2.Од програмата | 12 | 80 | 9000 | 8 640 000 |
| 1.3.Други(персонален данок) | 12 | 80 | 1000 | 960 000 |
| 1.4 ХТЗ Опрема | | 80 | 1200 | 96 000 |
| **ВКУПНО** | | | | **9 696 000** |

2.4.5. Надзор при реализирање на Програмата.

Надзорот при спроведување на оваа Програма ќе се врши од страна на комуналниот инспектор на Општина Гази Баба.

3. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/24**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлука за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи**

1. Се објавува Одлуката за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/23**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 6 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/97, 25/2000, 101/2000, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08 и 50/10), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## За ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи

**Член 1**

Се ангажираат 80 (осумдесет) невработени лица за вршење на јавни работи за потребите на Општина Гази Баба, согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**Член 2**

Невработените лица се ангажираат за период од 01.04.2011 година до 30.09.2011 година.

**Член 3**

На секое од ангажираните лица ке им се исплатува паричен надоместок за извршената работа, во вкупен износ од 9000,00 денари преку трансакциска сметка.

**Член 4**

Со секое од ангажираните лица ќе се склучи посебен договор, со кој конкретно ке се резултираат правата и обрските во врска со вршењето на јавните работи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/25**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За објавување на Одлуката за востановување на културна манифестација "Големата мајка"

1. Се објавува Одлуката за востановување на културна манифестација "Големата мајка", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/24**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 1 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), член 7 од Законот за култура ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 4/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За востановување на културна манифестација "Големата мајка"**

**Член 1**

(1) Се востановува културна манифестација "Големата мајка".

(2) Културната манифестација "Големата мајка" ќе се одржува секоја година на меѓународниот Ден на мајката, во втората недела во месец мај.

(3) Централната програма на Културната манифестација "Големата мајка", по правило, ќе се одржува во неолитската населба "Тумба Маџари".

**Член 2**

(1) Со Културната манифестација "Големата мајка" раководи Совет што го именува Советот на Општина Гази Баба.

(2) Мандатот на членовите на Советот по правило е четири години, но не подолго од мандатот на советниците во Советот на Општина Гази Баба.

(3) Работата на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се уредува со Деловник што го донесува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

(1) Бројот на членовите на Советот се определува со одлуката за нивно именување.

(2) Советот име претседател, заменик претседател и секретар.

(3) Претседателот и заменик претседателот на Советот се именуваат од редот на членовите на Советот, а секретарот на Советот е надлежното лице на Општина Гази Баба за култура.

**Член 4**

Основни задачи на Советот се:

(1) утврдува Програма и Буџет на Културната манифестација "Големата мајка", на кои согласност дава Советот на Општина Гази Баба,

(2) донесува извештај и завршна сметка на Културната манифестација "Големата мајка", на кои согласност дава Советот на Општина Гази Баба,

(3) утврдува апликација на Културната манифестација "Големата мајка" за Годишната Програма за култура на Министерството за култура на Република Македонија,

(4) презема мерки и активности за афирмација на Културната манифестација "Големата мајка",

(5) донесува заклучоци и препораки до Советот и Градоначалникот за Културната манифестација "Големата мајка", и

(6) врши други работи за Културната манифестација "Големата мајка".

**Член 5**

Културната манифестација "Големата мајка" се финансира од Општина Гази Баба,

Владата на Република Македонија и други државни и приватни фондови.

**Член 6**

Се задолжува Секторот за јавни дејности на општинската администрација, навремено да ги изготвува актите од член 4 став 1 точка 2, и да побара согласност од Советот на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба"

**Број 07 - 1433/26**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За објавување на Одлуката за именување на членови на Советот на културната манифестација "Големата мајка"

1. Се објавува Одлуката за именување на членови на Советот на културната манифестација "Големата мајка", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/25**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 1 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), член 7 од Законот за култура ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07 и 116/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 4/06) и член 3 од Одлуката за востановување на културна манифестација "Големата мајка", Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За именување на членови на Советот на културната манифестација "Големата мајка"

### Член 1

(1) За членови на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се именуваат:
(1.1) Ефтим Клетников,
(1.2) Кирил Псалтиров,
(1.3) Васил Атанасов,
(1.4) Никола Глигоров,
(1.5) Петар Наневски,
(1.6) Александар Ѓорѓиев,
(1.7) Емилија Кипровска,
(1.8) Соња Каранџулоска, и
(1.9) Марина Петровска.

(2) За Претседател на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се именува Ефтим Клетников.
(3) За заменик Претседател на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се именува Кирил Псалтиров.
(4) За секретар на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се именува Емилија Кипровска.

### Член 2

Мандатот на членовите на Советот на Културната манифестација "Големата мајка", од членот 1 на оваа Одлука по правило е четири години, но не подолго од мандатот на советниците во Советот на Општина Гази Баба.

### Член 3

Примерок од Одлуката да се достави до секој од именуваните членови на Советот на Културната манифестација "Големата мајка".

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/27**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива на Градоначалникот на Општина Гази Баба за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијатива на Градоначалникот на Општина Гази Баба за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.03.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1570/26**
**од 01.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 109 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесеттата седница одржана на ден 30.03.2011 година, расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.08-1455/1 од 24.03.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба

1. Советот на Општина Гази Баба ја прифаќа Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.08-1455/1 од 24.03.2011 година, "без предложените нови членови 96-а и 99-а", во Статутот на Општина Гази Баба.

2. Иницијативата како составен дел на овој Заклучок е дадена во прилог.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 1433/28**
**од 30.03.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А
С К О П Ј Е

- ГРАДОНАЧАЛНИК -

ДО
ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**ПРЕДМЕТ:** Иницијатива за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба.

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 и точка 16, член 82 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), и член 108 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, до Советот на Општина Гази Баба ја поднесува следната

**И Н И Ц И Ј А Т И В А**

**За дополнување на Статутот на Општина Гази Баба**

1. Со оваа Иницијатива се поведува постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06).

2. Иницијативата за дополнувањата на Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.02/06), се однесуваат на додавање на нови членови 96-а, и 99-а кој гласат:

"96-а
Одлуката од ставовите 1 и 2, задолжително се доставува до Градоначалникот и до Советот на Општина Гази Баба, во рок од 3 дена од денот на донесувањето.

Градоначалникот на Општина Гази Баба, во рок од 5 дена од денот на приемот на Одлуката, со решение именува најмалку 1 (еден) државен службеник од општинската администрација, кој задолжително присуствува и го набљудува изборниот процес, без можност за посредно и непосредно влијание врз самиот изборен процес, со основна задача да изготви извештај за самиот тек на изборите и евентуалните неправилности (закани, уцени, принуди, заплашувања и други чинења и нечинења кои би довеле до мани во вољата на учесниците во изборниот процес) уредно да ги вметне во извештајот, и веднаш и без одлагање да го достави до Градоначалникот и до Советот на Општина Гази Баба".

"99-а
"Мандатот на избраните членови на Советите на облиците на месната самоуправа, започнува со претходна верификација на нивните мандати од страна на Советот на Општина Гази Баба, врз основа на извештаите и записниците од спроведените избори во облиците на

месната самоуправа, и извештајот од именуваниот државен службеник од општинската администрација, од член 96-а.

Секој записник од изборот во облиците на месната самоуправа, потпишан и оверен, кој во себе ги содржи неправилностите од член 96-а став 2, се смета за ништовен.

Советот на Општина Гази Баба, врз основа на извештаите кој во себе ги содржат неправилностите од член 96-а став 2, ќе донесе соодветен акт со кој нема да даде верификација на мандатите на избраните членови на облиците на месната самоуправа, изборниот процес ќе се повтори во рок од 30 дена, и ќе даде насоки при повторното спроведување на изборите".

3. По претходно прифаќање на оваа Иницијатива, од страна на Советот на Општина Гази Баба, ќе се пристапи кон изготвување на Предлог - Статутарна Одлука за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба.

4. По донесувањето на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, кој може да содржи и други дополнувања покрај наведените од оваа Иницијатива, како основен нормативен предуслов, ќе се пристапи кон изготвување на Предлог - Правила за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-2502/3 од 13.06.2006 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06).

**Број 08 - 1455/1**
**од 24.03.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

# СОДРЖИНА


ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Стив Наумов„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 2

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Вера Јоциќ„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 4

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Дане Крапчев„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 6

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Крсте Мисирков„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 8

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Наум Наумовски – Борче„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 10

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Његош„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 12

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Наум Охридски„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 14

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Крум Тошев„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 16

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Григор Прличев„ – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 18

ОДЛУКА за давање позитивно мислење на Годишната Програма за организација и изведување на екскурзии на ОУ „Кирил и Методиј" – Скопје, за учебната 2010/2011 година . . . . . . . . . . 20

ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план За Спортско – рекреативен центар „Железара„ Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . 22

ОДЛУКА за утврдување Нацрт – Детален урбанистички план за дел од УЗ "Крсте Мисирков", Блок 1, Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . 27

ЗАКЛУЧОК за изменување на насловот и текстот на Одлуката за утврдување на Нацрт – Урбанистички план вон населено место за локалитет Заобиколница од клучка „Хиподром„ до клучка „Сингелиќ"– Блок 15, Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . 31

ПРОГРАМА за изменување на Програмата за урбано планирање „Ф„ на Општина Гази Баба за 2011 година– Ф.А Подпрограма за уредување на градежно земјиште . . . . . . . . . . 33

ОДЛУКА за определување на надоместоците за ангажирани надворешни стручни лица . . . . . . . . . . 37

ОДЛУКА за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2011 година . . . . . . 39

ОДЛУКА за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година . . . . . . . . . . 41

ОДЛУКА за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот финансиски Извештај за работата и резултатите од работењето на ЈКП „ГАЗИ БАБА – 2007„ за 2010 година . . . . . . . . . . 43

ОДЛУКА за давање согласност на Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „ГАЗИ БАБА – 2007", за 2010 година . . . . . . . . . . 45

ОДЛУКА за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЈКП „ГАЗИ БАБА – 2007„ за 2010 година . . . . . . . . . . 47

ОДЛУКА за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП „ГАЗИ БАБА – 2007„ за 2010 година . . . . . . . . . . 49

ПРОГРАМА за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба . . . . . . . . 51

ОДЛУКА за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи . . . . . . . . . . 56

ОДЛУКА за востановување на културна манифестација „Големата мајка„ . . . . . . . . . . 58

ОДЛУКА за именување на членови на Советот на културната манифестација „Големата мајка„ . . . . . . . . . . 61

ЗАКЛУЧОК за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 63

ИНИЦИЈАТИВА за дополнување на Статутот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 64



"Службен гласник на Општина Гази Баба"

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Насе Ралев
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk